**ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ – СКОПЈЕ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ОД ИЗВРШЕНА ИНТЕГРАЛНА ЕВАЛУАЦИЈА ВО
# ООУ „СТОЈАН БУРЧЕВСКИ-БУРИДАН" с.ИВАНКОВЦИ
# ОПШТИНА ВЕЛЕС

**МАЈ, 2024**

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
**Број: 09-18/3**
**Датум: 29.05.2024 година**
**Велес**

| ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – Општина Велес | |
|---|---|
| **Конечен - извештај од извршена интегрална евалуација** | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 8,9 и 10 ноември 2023 година |
| **Број на извештај:** | 8/Вардарски /2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Гордан Стојчевски |
| **Вид на училиштето:** | Основно |
| **Подрачни училишта** | 3 |
| **Основач на училиштето:** | Општина Велес |
| **Наставен јазик:** | Македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 85 |
| **Полова структура на ученици:** | 42 машки и 43 женски |
| **Број на наставници:** | 25 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Горан Трајковски |
| **Директор на училиштето:** | Трајче Недев |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 9,10 и 11 мај 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.Гоце Делчев б.б. с,Иванковци Општина Велес |
| **Телефон:** | 043 253 185 |
| **Факс:** | 043 253 185 |
| **e-mail:** | **ou-stojanburchevskiburidan-ivankovci-veles@schools.mk** |
| **Оценка ИЕ** | **2,21 (Делумно задоволува)** |

Инспекцискиот надзор е извршен во согласнот сочленовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број: 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/2010, 51/2011, 24/2013, 137/2013, 164/2013, 41/2014, 33/2015 и 145/2015) Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ број 86/2006)

## РЕЗИМЕ

Инспекциски тим од тројца Државни просветни инспектори ја спроведе Интегралната евалуација во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци Општина Велес, во периодот 8,9 и 10 ноември 2023 година

За време на престојот во училиштето, Државните просветни инспектори остварија средби со директорот и стручната служба, одржаа состаноци со Училишниот одбор и Совет на родители, Наставничкиот совет и ученичката парламент.

Инспекторите ги посетија часовите на сите наставници во централното и подрачните училишта во с.Сујаклари, с.Мамутчево и с.Отовица.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи , посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од Државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци Општина Велес, е **2,21 - Делумно задоволува [1] .**

Наставата во училиштето се реализира во согласност со наставните планови и програми за основно образование, кои на предлог на Биро за развој на образование, ги утврдува Министерот за образование и наука. Отстапувања од наставните програми има по наставниот предмет Физичко и здравствено образование од I до IX одделение во Централното училиште и во трите подрачните училишта поради немањето на спортска сала и несоодветните услови на просториите во која што се изведува наставата во неповолни временски услови.

Постапката за избор на изборните наставни предмети се спроведува во согласност со насоките дадени од страна на Биро за развој на образованието. Изборот го вршат учениците и нивните родители од листа на предмети преку анкетирање.

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година планирани се разновидни воннаставни активности кои ќе ги одразат потребите и интересите на учениците и ќе влијаат врз нивниот личен и социјален развој. Реализацијата на воннаставните активности во минатата учебна година е добра, а опфатот на учениците во воннаставните активности е целосен.

Родителите се изјаснија дека редовно се информирани за индивидуалниот напредок на своите деца и дека се задоволни од ангажманот на наставниците.

Воспитно образовната работа во ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци, се остварува врз основа на наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Наставните планови и програми се реализираат во пропишаниот обем.

Реализацијата на воннаставните активности е добра. Во училиштето делумно се реализираат слободни ученички активности. За секоја слободна ученичка активност има определено одговорни наставници.

Училиштето редовно учествува на ученички натпревари на општинско и регионално, ниво.

Во училиштето се врши идентификација на учениците кои имаат потешкотии во учењето, на учениците со посебни образовни потреби, како и на надарените ученици и континуирано се следи нивниот напредок. Во училиштето има еден ученик со наод и мислење, вклучен во редовните паралелки со препорака од комисијата за категоризација, да го продолжи воспитно образовниот процес во училиштето и за истиот има делегирано образовен асистен од основно училиште со ресурсниот центар,,Маца Ѓорѓиева Овчарова,,Велес .

---

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Во училиштето има формирано Инклузивниот тим. При уписот на учениците во прво одделение се врши идентификација на учениците со посебни образовни потреби од стручниот соработник-педагог во соработка со одделенските раководители кој се задаложени и се членови на уписната комисија за прво одделение .

Постигањата на учениците се следат од страна на предметниот наставник односно одделенскиот наставник,одделенскиот раководител и стручната служба.

Училиштето го следи осипувањето на учениците во училиштето, при тоа е забележано поголемо отстапување во однос на бројот на испишани ученици воучебната 2022/23 година испишани се вкупно 5 од кој 3 машки и 2 женски (поради иселување во друга држава) а за учебната 2023/24 година не се забележани испишувања во училиштето,додека во последните три учебни години придојдени ученици нема .

Во училиштето се изготвени инструменти за следење на наставата од страна на директорот и стручниот соработник со однапред поставена цел и при тоа редовно се изготвува извештај на крајот од секое спроведено следење на планирањата и наставата.

За реализација на наставните програми наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализација на наставниот час. Поголем број од планирањата ги содржат неопходните елементи кои овозможуваат успешна организација и реализација на наставниот час.

Во училиштето покрај редовната настава се планира и реализира дополнителна, додатна настава и воннаставни активности.

Постои соработка на наставниците од училиштето со наставници од други училишта на ниво на општина и пошироко.

Во училиштето не е доволно интензивирана соработката ученици-наставници и родители во вклучување и реализирање на активности во рамки на проекти во кои е вклучено училиштето.

Во централното и подрачните училишта нема инсталирано дестоп компјутери во училиници, во ушилиштето има 13 лаптоп компјутери за наставниот кадар и 3 лаптоп за администрација. Во настава се користат наведените лаптоп-компјутери од страна на наставниците и смарт телевизорите и смарт таблите со кој располага училиштето.

Добар дел од наставници од одделенска настава и помал дел од предметна настава водат ученички портфолија.

Родителите добиваат информации за постигањата на учениците на заедничките родителски состаноци и индивидуалните средби. и преку пристапот до Е-дневникот.

Централното училиште не располага со доволен училнички простор за изведување на редовна настава па поради тоа насатавата се реализира во две смени,додека подрачните училишта располагаат со доволен училнички простор за изведување на редовна настава. Училниците во Централното училиште се недоволно простарни но добро природно осветлени, додека училниците во подрачните училишта се доволно простарни и добро природно осветлени за изведување на настава.

Инфраструктурата во училиштето е безбедна и не претставуваат потенцијална опасност од повреди на учениците во централното и двете подрачни училишта додека во подрачното училиштето во с.Сојклари училиштето е во лоша инфроструктурна состојба.

На учениците им се обезбедуваат јасни, точни и најнови информации за можностите за понатамошно образование.

Стручната служба - педагогот води евиденција за опфатот на учениците по завршувањето на основното образование.

Стручната служба и одделенските раководители ги запознаваат учениците со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили во општината и пошироко.

Во училиштето  редовно се вршат презентации од средните училишта од општината и пошироко, учениците се запознаваат со конкурсите за упис, условите за работа, струките и образовните профили.

Опременоста на училиштето со наставни нагледни средства и други технички помагала задоволува, и постои  тенденција на подобрување во секоја учебна година.

Училиштето ги утврдува потребите од наставни средства и помагала и настојува да ги обновува согласно можностите и потребите на воспитно-образовниот процес.

Во училиштето наставата по Физика, Биологија, Хемија и Математика кои се изучуваат според наставни програми преземени и одобрени од Меѓународниот центар за наставни програми Кембриџ (Cambridge International Examinations) и адаптирана од страна на БРО во седмо,осмо и двето одделение. Воспитно-образовниот процес го реализираат 25 наставници.Наставата ја реализираат наставници вработени во училиштето 15 на неопределено работно време и 10 наставници на определено работно време, од кој 23 имаат завршен VII/1 степен, 1 наставника завршен VI/1 и 1 со завршени докторски студии, несоодветени наставници во училиштето  има двајца. Во училиштето 23 наставници  се согласно Нормативот на наставен кадар, за реализирање на наставниоте програми освен двајцата несоодветени наставници.

Училишната библиотека располага со вкупно 2241 наслови и 4986 примероци од различен жанр, лектирни изданија од I до IX одд., слободна литература, домашна литература, светска литература, стручна литература. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за  лектирни изданија, училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите финансиски можности.

Во библиотеката, како дополна со работни часови работат двајца наставници во централното и подрачното училиште.Евиденцијата на книжниот фонд се води во хартиена форма.

За финансиското работење училиштето ги информира органите и телата во училиштето, како и локалната власт преку полугодишниот и годишниот извештај.

Завршните сметки се разгледуваат на седниците на Училишниот одбор и се предлагаат на усвојување до Советот на општината.

Училиштето има изготвено План за јавни набавки за 2023 година и истиот е разгледан и усвоен од страна  на Училишниот одбор со одлука за усвојување на Годишниот план за јавни набавки за 2023 година заверена во училиштето со дел.бр.05-30/1 од 30.01.2023година .

Училишнот одбор има сопствена Годишна програма која е составен дел на Годишната програма за работа на училиштето. Училишниот одбор нема регулирано во актите за неговата работа, ниту пак воспоставена процедура со што, кога и како ќе ги информира за својата работа другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес. Училиштето има изготвено  самоевалуација,истата е разгледана од наставничкиот совет,советот на родители Училшниот одбор од кој е и усвоена. Самоевалуација на училиштетое е изготвена за периодот  од 2021 до 2023 година,со бр. 01-294/4 од 31.08.2023 година.

Соодветно на детектираните слаби страни во самоевалуацијата, училиштето има донесено Програма за развој на училиштето. Во Програмата целите на развојната политика се прецизни, јасно е отсликана мисијата и визијата на училиштето, а при нивните поставувања се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците на локалната заедница. За сите поставени цели не се изготвени акциски планови со рокови на извршување и носители на активности. Програма за развој на училиштето е за период 2021-2025 година и истат е  заведена под арх.бр 01-427/1 од 16.11.2021 година

Училиштето има документ – програма за професионален развој нанаставниците и стручните соработници, но нема обезбедено финансиски средства за таа намена.

За учебната 2023/2024 година, училиштето има изготвено Годишна програма за работа 01-243/1 од 11.08.2023 година и истата е усвоена од Советот на Општина Велес.

Училиштето има изготвено Статут бр. 01-93/5 од 10.02..2020година, за кое има согласност од Министерството за образование и наука Скопје.

Почетоците на училишна дејност во оваа училиште е врзана со средината на педесетите години. Училиштето има решение за основање со дел.бр.08-2264/2 од 23.10.1965 година.ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци Општина Велес за дејноста на училиштето ја има добиено со верификација од Министерство за образование и физичка култура со дел.бр.10-1408/7 од 08.06.1995 година. ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци Општина Велес е регистрирано како самостоен правен субјект во централен регистар број : 30620217000219 од 09.04.2021 година

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА УЧИЛИШТЕТО

ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци Општина Велес се наоѓа на 20 км северисточно од Велес.

Воспитно образовната дејност се реалзира во централното и три подрачни училишта – с.Сујаклари, с.Мамутчево и с.Отовица.

Дејноста, Централното училиштето во с.Иванковци се реализира во една училишни зграда и привремен карактер(модуларно училиште), изградено во 2011година. Во Централното училиштето во с.Иванковци се реализира настава од I до IX одделени во две смени. Објектите се со површина од 180 м2.Располага со: 4 училници, 1канцеларија за наставници, 1канцеларија за педагог, 1 просторија за техничкиот персонал и парно грење и една просторија за тврдо гориво, Просториите во централното училиште се загреваат со систем за парно греење на тврдо гориво .

Централното училиштето во с.Иванковци не располага со Спортската сала. Училишниот двор е со површина од 8275м$^2$ кој е делумно заграден, отворени спортски терени во училиштето нема и истотого го користи спортскиот терен за повеке спортски игри ( фудбал,ракомет,кошарка и одбојка) кој е изграден од Агенцијата за Млади и Спорт во 2015 година и е наменето за месното население . Пристапна патека до влезот на училиштето е делумно изградено, истиот е делумно уреден.

Во ПОУво с.Сујаклари се реализира настава од I до IX одделени во една смени.Училишната зграда во ПОУво с.Сујаклари е изградено во 1954 година и е со површина од 540 м$^2$. Располага со: 5 училници, 1канцеларии за директор,1канцеларии за наставници,1канцеларии за секретар,1 просторија за библиотека, 1 еден санитарен чвор за наставниците и 2 санитарни чворови за учениците во склоп на зградата и две други простории. ПОУ во с.Сујаклари располага со една училничка просторија која е во многу лоша која која е преадаптирана во просторија со површина од 88м$^{2.}$ за реализациај на физичко и здраствено образование.Училишната зграда не е реновирана подолг временски период и истата е со дотраена столарија, дотраен кров од салонитни табли и руинирана дотраена фасада и зидови. Додека санитарни јазли се реновирани 2009година. Просториите во подрачното училиште се загреваат со печки на тврдо гориво.ПОУ во с.Сујаклари располага со надворешен повеќенаменски спортски земјен

неуреден терен од 400м$^2$ Училишниот двор е со површина од 4600м$^2$ и истиот не целосно ограден и хотикултурно неуреден.Пристапна патека до влезот на училиштето нема изграденои.

Во ПОУво с.Мамутчево се реализира настава од I до V одделени во 1 комбинирани паралелки во една смена.Училишната зграда во ПОУво с.Мамутчево е со површина од 206м$^2$. Располага со: 4 училници, 1 цканцеларии за наставници 2 санитарни чвори во склоп на заградата и една простории како магацин за огревно дрво за училштето. Училишната зграда е целосно реновирана во 2001 година и истата доуредена во учебната 2022/2023 година.Столарија, кровот,фасада, санитарни јазли се во многу добра состојба. Просториите во подрачното училиште се загреваат со печки на тврдо гориво.

Училиштето во ПОУ во с.Мамутчево не располага со Спортската сала и има изградено мини надворешен спортски терен опремен со кош. Училишниот двор е со површина од 3000м$^2$ и истиот е целосно ограден . Пристапна патека до влезот на училиштето нема изграденои истиот е делумно уреден.

Во ПОУво с.Отовица се реализира настава од I до V одделени во 1 комбинирана паралелка во една смена.Училишната зграда во ПОУ во с.Отовица е од привремен карактер(модуларно училиште), изградено во 2012година. е со површина од 90м$^2$. Располага со: 2 училници, 1канцеларии за наставници 2 еден санитарен чвор во склоп на заградата и една простории како магацин со простор за парното греење. Училишната зграда е во добра состојба со заменета столарија, кров,фасада, санитарни јазли,

Училиштето во ПОУво с.Отовица не располага со Спортската сала и нема изградено надворешни спортски терени. Училишниот двор е со површина од 3000м$^2$ и истиот е делумно ограден . Пристапна патека до влезот на училиштето има изградено и истиот е делумно хотикултурно уреден.

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализација на наставните планови и програми

Во ООУ„ Стојан Бурчевски-Буридан“, с.Иванковци, Велес, наставата се реализира според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование. Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесените програмски документи од Министерството за образование и наука. Наставата во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение се реализира согласно новата концепција за основно образование за учебната 2023/2024 година. За реализација на наставните програми за учениците се обезбедуваат бесплатни учебници изготвени од Бирото за развој на образованието, а одобрени од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Обновувањето и доставувањето на потребниот број на учебници кои треба да бидат во добра состојба е нецелосно, односно Министерството за образование и наука испорачува дел учебници од кои поголем дел се нови а помал дел во дотраена состојба. Поголем број од наставниците укажуваат на несоодветни учебници согласно наставните планови и програми, со печатни грешки и напишани на висок стил неадаптиран на возраста на учениците.

Во училиштето се реализира програмата „Образование за животни вештини“ , со вкупен фонд од 36 часа неделно а мал дел од наставниците имаат посетено обука за „ животни вештини “. На часовите на одделенската заедница, од страна на одделенските раководители се спроведуваат активности, предавања и работилници, согласно Прирачникот за Образование за животни вештини и тоа од прво до трето, од четврто до шесто и од седмо до деветто оделение и се води уредна документација за реализација на содржините.

За реализација на наставата во прво, второ, четврто, петто и шесто одделение одделение согласно концепцијата, директорот на училиштето има обезбедено 12 лаптоп уреди за наставниците и три службени лаптопи поврзани со интернет конекција кои се во канцеларијата на директорот, секретарот и стручниот соработник, односно педагогот и се користат зависно од потребите на наставниците.

Училиштето располага со шест паметни табли и осум телевизори, седум проектори и 21 таблет.. Исто така, училиштето располага со 3 фотокопиркопири и четири печатачи.

Наставната програма по предметот физичко и здравствено образование не се изведува во спортска сала бидејќи нема сали ни во централното ни во подрачните училишта. Наставата се изведува на отворен простор, при поволни временски услови.

Училиштето има воспоставено процедури и користи повеќе различни начини и средства за да ги информира учениците и родителите како и сите други заинтересирани лица кои бараат информација за целите на наставните планови и програми што овде се реализираат, од страна на одделенските раководители. Училиштето благовремено ги информира родителите и учениците за наставните планови и програми преку : известувања за родителите, веб страната www.stojanburcevski.edu.mk на училиштето, ФБ страна, огласна табла во училиштето.

Во училиштето вклучен е еден ученик со посебни образовни потреби (ПОП) но нема ученици со специфични потешкотии во учењето. Ученикот со ПОП е се со наод и мислење од соодветна институција и за него е ангажиран еден образовен асистент. За еден ученик се изработува индивидуален образовен план ( ИОП ) и ученикот добива индивидуален пристап и насоки при работата. Со него се работи по ИОП според

прилагодени, намалени, диференцирани цели. За тој ученик училиштето има мислење од МКФ (меѓународна класификација на функционалност, попреченост и здравје ) и при тоа користат образовна асистенција со помош на образовниот асистент. Со ученикот со посебни образовни потреби се работи по одредена програма изготвена од страна на инклузивниот тим во ООУ„ Стојан Бурчевски-Буридан“, с.Иванковци, Велес, со со Решение заведено со бр. 09-390/2 од 14.10.2022 година. Инклузивниот тим на училиштето е составен од седум членови : директорот на училиштето, педагогот, еден предметен наставник, еден одделенски наставник, еден родител и еден специјален едукатор и рехабилитатор. Училишниот инклузивен тим има изготвено програма за работа и преку планирани активности ја реализира програмата соработувајќи со наставниот кадар, учениците, родителите, НВО, локалната средина. Училиштето има интерна процедура за изготвување на индивидуални образовни планови со учество на стручната служба во училиштето.

Учениците во текот на наставниот процес добиваат индивидуална поддршка од страна на наставниците. Доколку има ученици со потешкотии во учењето се идентификуваат од страна на наставниците и од педагогот на училиштето.

Родителите на учениците со посебни образовни потреби се вклучени во инклузивниот тим и во изготвувањето на индивидуалните образовни програми на своето дете. Родителот присуствува на состаноците и добива информации за напредокот, прогресот, однесувањето во училиштето, за време на часовите и воннаставните активности, а со тоа и паралелно го следи и напредокот на своето дете. Се следат постигнувањата на поставените цели и се прави реевалуација на индивидуалниот образовен план на крајот од првото полугодие и на крајот од учебната година.

Постапката за изборни предмети се спроведува во целост, со доследно почитување на потребите, барањата и можностите на учениците. Во училиштето има воспоставена процедура за избор од 12 предмети, од кои избрани се по еден предмет за првото полугодие и во второто полугодие друг предмет; предмети во четири подрачја во IV и V одделение, додека од V до VIII одделение понудени им се четири наставни предмети а одбран е по еден изборен предмет за целата учебна година со нагласување дека изборните предмети од претходната година не треба да се повторуваат. На родителските средби се врши анкетирање на учениците заедно со родителите, додека пак од трето и четврто одделение родителот е тој кој избира изборен предмет. Изборот на предмети е според наставниот план и програма и новото упатство, односно водич за слободни изборни предмети кое важи само за учениците од I до IV одделение. Стручната служба заедно со директорот изготвува извештај во кој се наведуваат изборните предмети кои ќе се изучуваат во текот на учебната година.

Во училиштето нема организирано проширена програма.

## 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Во училиштето се негува етничката рамноправност и мултикултурната сензитивност при реализацијата на наставните планови и програми. Во рамките на самоевалуацијата во училиштето стручната служба во училиштето има направено истражување за тоа колку родителите се задоволни од наставните планови и програми. Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на

меѓуетничка интеграција во образованието постојат мал број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина.

Наставниците делумно ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини за време на локални манифестации, општински празници и други настани од социјалниот живот. Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Мал број од наставниците ги вградуваат во нивните планирања.

Училиштето е вклучено во Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованиетео, МИМО, и има потпишано меморандум, договор заведен во училиштето со бр. 03-385/1 од 31.10.2023 година, за партнерство со ООУ „Лирија“ од с.Бузалково, општина Велес во кое живее мнозинство од турско население и албанско население. Училиштето има изготвено програма со која се планирани заеднички и самостојни МИМО активности како на пример: изготвување на ПТТ презентација на училиштата со презентирање на нивната култура, обичаи, традиција, локални традиционални јадења, народни танци, лиреатурно и ликовно творење, запознавање со музиката на двете етнички заедници, дегустација на македонски, турски и албански традиционални јадења и организирање на спортски натпревари.

После пандемијата, ООУ „ Стојан Бурчевски – Буридан “ с.Ивановци, Велес организира и реализира само самостојни МИМО активности кои се имплементирани во помал дел во планирањата на наставниците во вид на работилници, квизови. За време на одделенските часови наставниците делумно обработуваат теми и од областа на мултикултурализмот. Училиштето има аплицирано за добивање на грант од Министерството за образование и наука и за учебната 2022/2023 година има добиено грант за подготвување на активности за време на традиционални, локални празиници. Исто така, ООУ„ Стојан Бурчевски-Буридан“, с.Иванковци, Велес и самостојно издвојува средства за реализација на самостојните МИМО активности.

Мал дел од наставниците од одделенска настава имаат интегрирано и реализирано еколошки содржини од еколошката програма организирани активности: работилници согласно значајни датуми, еко календар, за време на одделенските часови. Во училиштето функционираат секции, СУА, (слободни ученички активности) и тоа по учебни години : во 2020/21 секции од општествени и природни науки , техничко образование, по уметност и спорт. Во Учебната 2021/2023 година секциите: по општествени и природни науки, техничко образование, уметност и спорт и во учебната 2022/2023 година активни се истите секции како и во претходните години. Во оваа учебна година има програма за секции драмско-рецитаторска, лиературна секција, млади математичари, географска секција, историска, ликовна, млади техничари и природници.

Квалитетот на планирањата на наставниците континуирано се следи од страна на стручната служба, односно педагогот преку увид со евидентни листи за исполнетост на дидактички барања за планирањата. Училиштето нема покренувано иницијатива до Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми.

Во реализацијата на наставните планови и програми како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничка интеграција во образованието постојат мал број примери на соодветно интегрирање и прилагодување на особеностите на локалната средина. Наставниците ја поврзуваат локалната средина со одредени наставни содржини, најчесто при одбележување на локални манифестации, општински празници, предавања, конкурси и натпревари.

Училиштето нема разработено насоки за вградување на меѓупредметните цели во наставните програми што се реализираат. Мал број од наставниците ги вградуваат во нивните планирања.

Иницијатива до Биро за развој на образование и Министерство за образование и наука за изменување и дополнување на наставните планови и програми не е доставено од страна на училиштето, но им овозможува потполна слобода на наставниците во соработка со учениците и родителите да ги планираат слободните ученички активности.

## 1.3 Вонаставни активности

Училиштето планира и реализира вонаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за развој на граѓанските и општествените компетенции за поддршка на личен, професионален и социјален развој на учениците.

Покрај вонаставните активности кои се дел од државните образовни политики и се спроведуваат во сите училишта во државата, во училиштето многу малку се реализираат и активности од типот на хуманитарни акции, културни и спортски манифестации за ученици од училиштето. За време на денот на училиштето се организира пригодна програма, новогодишен и велигденски базар, посета на градскиот музеј, посета на градска библиотека, на фестивал на детска музика во Скопје.

Училиштето обезбедува услови за вклучување на ученици со посебни образовни потреби и ученици од семејства со низок социо-економски статус во вонаставните активности иако во училиштето нема ученици од социјално загрозени семејства. Изминатите три учебни години учениците учествувале на поетски читања, посета на градска библиотека, ретко учествувале на локални манифестации, новогодишна културно-забавна училишна програма, прослава на патронен празник, учества на ученички натпревари.

За секоја вонаставна активност определени се одговорни наставници.

Училиштето има планирано ученички екскурзии согласно Правилникот за начинот на организација и спроведување на екскурзии во основното образование, но истите во 2019/2020, 2020/2021 и 2021/2022 година не се реализирани поради пандемијата „Ковид 19“. Со Годишната програма за работа на училиштето со дел.бр. 01-251/1 од 11.08.2023 година, за учебната 2023/2024 година се планира да се реализираат еднодневен излет на езеро Младост од подрачните училишта, дводневна екскурзија за учениците, за учениците од трето одделение планирана е еднодневна екскурзија до Струмица и Дојран. За учениците од шесто и деветто одделение. Во план е да се организира и настава во природа, излети во поблиската околина.

Ученичкиот парламент на ниво на училиште во рамки на својата програма, многу ретко се состанува и многу малку планира и реализира активности со општествено-корисен карактер, активности за забава и рекреација или пак грижа за здравјето на учениците. Ученичкиот парламент има претседател од седмо одделение а правобранителот од деветто одделение и со оглед дека се малубројни паралелки Ученичкиот парламент нема покренато иницијатива за предавања со тема за превенција од девијантни однесувања кај младите, за врсничко насилство во училиштата, за правата и обврските на учениците, запознавање со Конвенцијата на правото на детето по повод 1 октомври „Ден на Училиштето “.

Од разговорот на состанокот одржан со претставниците на ученичката заедница беше констатирано дека треба нивна поголема ангажираност во заштитата и унапредување на правата на учениците, во организирање на хуманитарни акции, активности од забавен карактер, одбележување на значајни празници на локално, регионално и државно ниво.

Учениците со помош и поддршка на училиштето и наставниците учествуваат на натпревари што се организираат на локално, регионално и државно ниво. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето ги користи расположивите интернет ресурси, локални медиуми, веб-страната на училиштето и фејсбук страната на училиштето.

Училиштето нема формирано спортски клуб.

# 3. **УЧЕЊЕ И НАСТАВА**

## 3.1. Планирања на наставниците

Во училиштето има пропишани приоди за планирање и утврдени процедури за поддршка и следење на планирањето на наставата од страна на педагогот. Предметните наставници имаат изготвени годишни, тематски процесни планирања и подготовки за наставен час, и истите ги содржат непоходните елементи за реализација и организација на наставата. Глобалните планирања се изготвуваат во електронска форма. На почетокот од учебната година наставниците ги доставуваат планирањата кај педагогот, кој врз основа на образец со јасни критериуми, врши следење на квалитетот на планирањата и дава повратна информација.

За наставните предмети: математика, природни науки, биологија, хемија и физика во седмо, осмо и деветто одд. се користат адаптираните наставни програми од Меѓународниот центар за наставни програми на Кембриџ. Согласно Концепцијата за основно образование, наставниците во одделенска настава реализираат нови наставни програми врз основа на изготвените планови за реализација на наставните програми за секоја тема и сценарија за час од страна на стручните активи, како и неделни планирања изготвени од наставниците индивидуално, кои се основа за водењето на електронскиот дневник.

Целите на наставата, очекуваните исходи и начинот на оценување се утврдени во планирањата, но не сите наставници ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификуваат потребите на учениците и да ги планираат следните чекори во учењето.

Поголем број од наставниците навремено ги планираат: редовната, додатната, дополнителната настава и воннаставните активности. Се изготвуваат и планови за реализација на „Програмата образование за животни вештини“ на одделенските часови,

за користење на ИКТ во наставата со потенцирани Е-содржини, интегрирани еко содржини и содржини од проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието. Тимот за меѓуетничка интеграција делумно обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од образованието за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост.

Училиштето им овозможува на наставниците користење на стручна литература и материјали за планирањето на наставните часови, советодавно-консултативна работа на стручната служба, семинари организирани од страна на БРО, стручни совети како резултат на следење и анализа на дневните подготовки. Изготвуваат програми и извештаи за работата на стручните активи во училиштето, а за состаноците се водат записници.

Училиштето има формирано Училишен инклузивен тим (Одлука бр.02-390/2 од 14.10.2022 година), кој има изготвено програма за работа за учебната 2023/24 година. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП за една ученичка со пречки во развојот.

Распоредот на часови е изработен во согласност со наставниот план. Истиот го изработуваат еден наставник по одд.настава во соработка со наставниците и стручните соработници, како и двајца предметни наставници.

Училиштето навремено изработува распоред за додатна и дополнителна настава.

### 3.2. Наставен процес

Наставниците од одделенска настава редовно користат разновидни форми, методи и техники во наставата (играње улоги, , сложувалка, секвенци, изведбени активности, грозд, истражување и сл).

Во предметна настава дел од наставниците користат различни форми и методи и техники на учење. Наставниците работат со учениците индивидуално, во група, во парови или со целата паралелка, но методите што ги користат не се секогаш соодветно избрани, односно се користат исти приоди за сите ученици независно од индивидуалните способности за учење на учениците.

Најголем број од наставниците се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии во наставата. За реализација на наставата се користат расположливите нагледни средства и 6 интерактивни табли. Потребно е набавката на наставни и нагледни средства да биде од приоритетно значење, а со цел реализација на наставните програми и унапредување на наставниот процес и во централното и во подрачните училишта.

Изборот на задачи и активности (со различно ниво на сложеност) за време на часот, не секогаш е приспособен на индивидуалните образовни потреби на учениците. Наставниците користат учебници, материјали за учење и прирачен материјал.

При задавање на домашната задача, помал број од наставниците не се придржуваат до дидактичките насоки согласно Упатството за начинот и формата на подготвување, планирање, задавање, реализирање и следење на домашните задачи на учениците од основното образование.

Наставниците не секогаш ги запознаваат учениците со целите на учењето и очекуваните исходи. Учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата, и поголем број од учениците се активни во процесот на учење. Постои работна дисциплина и атмосфера на часовите.

Најголем број од наставниците се однесуваат со учениците на начин кој промовира заемно почитување, помош и соработка, без да прават разлика меѓу учениците според пол и социјално потекло.

Училиштето има пропишана процедура за следење на наставниот процес, согласно програмите за работа на стручните соработници и директорот. Најмногу еднаш во полугодие се врши посета на часови кај секој наставник. После посетата на час се разговара и забелешките се користат за подобрување на наставниот процес.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна и стимулативна средина за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи во училиштето е интересен по одделни предмети и сметаат дека не се што се учи е поврзано со секојдневието, применливо и корисно во реалниот живот и ги оспособува за активно учество во демократско и мултикултурно општество.

За време на часот, поголем број наставници ги охрабруваат учениците самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат.

Учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење и тоа да биде земено предвид. Учениците заедно со наставниците работат на различни проекти поврзани со наставата и надвор од наставата,

Формиран е Ученичкиот парламент, кој има изберено раководство, има изготвено програма за работа, изберени се двајца претставници за учество во работата на училишен одбор. Од одржаните состаноци се водат записници. Сепак, од разговорот со членовите е констатирано дека тие сами не иницираат активности, не се вклучени во подготовката на годишната програма, не дале предлози за вонпаставни активности. Потребно е зајакнување на улогата на ученичкиот парламент.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Наставниот кадар и стручните соработници ги препознаваат индивидуалните образовни потреби и пречки во развојот. Иденфитикацијата на учениците со тешкотии во учењето, на надарени ученици и ученици со пречки во развојот се врши преку листи за идентификација кои ги изготвуваат стручните соработници.

Идентификувана е една ученичка со пречки во развојот. Извршена е стручна проценка на функционалноста според МФК од страна на регионално тело за проценка. Со неа се работи по индивидуални образовни планови (ИОП). За помош и поддршка на учениците и одделенскиот наставник во наставата е вклучен и еден образовен асистент.

За задоволување на потребите на учениците, училиштето ги ангажира учениците во вонаставни активности, општествено корисна работа, учество на општински, регионални и државни натпревари, учество на интерни конкурси, како и конкурси организирани од општината, со што се поттикнува и мотивира нивниот личен напредок.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски и подзаконски прописи што го регулираат оценувањето на учениците. Наставниците се обучени за примена на стандарди во оценувањето. Поголем број од наставниците изготвуваат сопствени критериуми за оценување врз основа на стандардите за оценување, за сите програми според кои реализираат настава. Годишните оценки се сумативни и произлегуваат од формативното оценување во текот на годината, но се препознатливи отстапувања во оценувањето, што е потврдено и статистичките извештаи и од разговорот со претставниците на ученичкиот парламент, кои сметаат дека и во текот и на крајот на учебната година се ставаат повисоки оценки на одредени уеници по одреден број на

предмети во зависност од различни врски со нивните родители. Ваквите ситуации делуваат демотивирачки кај останатите ученици кои учат континуирано во текот на целата учебна година.

Наставниците од одделенска настава користат разновидни инструменти и методи за оценување. Најголем дел континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците на посебни евидентни листови по теми за секој наставен предмет. Оценувањето е јавно, образложено и транспарентно. Постигнувањата на ученикот со пречки во развојот е во согласност со целите во ИОП.

Поголем број од наставниците редовно им даваат повратни информации на учениците за нивната работа и насоки за подобрување на постигањата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Системот вклучува редовно прибирање информации за постигањата на учениците и давање транспарентна и конкретна повратна информација на родителите и учениците за оценката.

За таа цел се користат организирани формални и неформални средби, групни средби (за пренесување на информациите за паралелката во целина), индивидуални средби (за пренесување информации за конкретен ученик) со родителите.

Родителите добиваат и пишани извештаи со информации за напредокот на нивното дете по секој наставен предмет (евидентни листови) на тромесечие, и свидетелства на крајот на учебната година.

Наставниците редовно ги ажурираат податоците во Е – Дневникот.

# 4.ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа за учениците

Поддршката на учениците и севкупната грижа за учениците во училиштето е добра.

Од училишните згради две се од тврда градба а две од привремен карактер односно модуларни објекти. Објектот на Централното училиште во с.Иванковци и Подрачно училиште во с.Отовица се од монтажен тип односно модуларни објекти

Инфраструктурата во училишната зграда во ЦУ во ООУ„Стојан Бурчевски-Буридан“ и во дел од ПУ-а е во релативно лоша состојба и делумно безбедна .

Наставата се изведува во релативно мали и делумно осветлени училници .

Пристапот во училишната зграда во ЦУ е прилагоден за влез на лица со физички хендикеп, и е поставена пристапна рампа,додека во ПУ во с.Отавица и с.Мамутчево нема поставено пристапна рампа.

1 (еден) вработен од училиштето ЦОУ во с,Иванковци и 1 (еден) вработен во ПУ во с.Сујаклари се обучени за давање на прва помош на ученици и вработени при несреќни случаи.

Училиштето има и План за заштита и спасување од природни непогоди заведено со дел.бр.02-446/1 од 25.11.2022 година и План за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, на кои позитивно мислење нема дадено Дирекцијата за заштита и спасување.

Вежба за напуштање (евакуација) на училишната зграда на ученици и вработени при симулација на пожар, е планирана во оваа учебна година.

Училишната зграда во ЦОУ има камери за видео надзор За време на одморите не се се организираат дежурства по ходниците, од страна на наставниците.

Во централното училиште во с.Иванковци ,како и во сите ПУ-та поставени се по 1 хидрант и еден. противпожарен апаратт.

Последно сервисирање на ПП-апаратите е извршено на 08.11.2022 год. од страна на овластен сервисер „Елмонд-Велес“.

За ракување со противпожарните апарати и хидранти овластени се 2 лица со бр.на овластување СГИ 0881/2 од 26.07.2018 година..

Училиштето има поставено и громобранска инсталација само во ЦУ во с.Иванковци и во ПУ во с.Отавица , на која редовно се врши контрола на мерење на отпор на громобранско заземјување, од страна на стручни лица.

Училиштето склучило договор за осигурување на вработените со осигурителна компанија.-АД Винер-Виена-Иншуренс Груп Скопје бр.на полиса- 080000081993 , а за осигурување на ученици со истата компанија бр.на полиса 40500200088. При изборот на осигурителна компанија за осигурување на учениците, бил вклучен и Советот на родители.

Зградата на централното училиште е осигурана исто така преку истата осигурителна компанија со осигурителна полиса број 080000081993.

Во централното училиштето нема организирана исхрана за учениците, исто така и во ПУ во с.Сујаклари с.Отавица и с.Мамутчево

Училиштето води политика за забрана на пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства. Во училишната зграда има истакнати забрани за носење оружје, за пушење, конзумирање на алкохол и наркотични средства.

Во училиштето не се евидентирани појави на пушење и конзумирање на алкохол.

Училиштето има донесено  Кодекс на однесување на учениците,наставниците и родителите во училиштето и училишниот двор со дел.бр. 03-295/1  од 31.08.2023 година ,како и Куќен ред заведен со дел.бр.03-267/1 од 29.08.2023 година.

Од страна на училишниот педагог со учениците  се организирани  следните работилници: (минатата учебна година):

-„Есенска работилница во мојата училница“ извршена на ден 21.10 2022 со учениците од комбинирана паралелка;

-„Ноќ на вештерките“, извршена на ден  26.10-02.11.2022 со учениците од 1-5 одделение;

-„Книгата е најдобар другар на човекот“ извршена на 17.10.2022 година учениците од 6 и 7  одделение;

„Светски ден на учителот“-со учениците од 1-9 одд на ден 05.10.2023

„Меѓународен ден на здрава храна“ 16.10.2023 година со ученици од 7 одделение.

„Детска недела“-од 02.10.-06.10.2023

„Пристигна есента“ 26.09.2023 год. Со учениците од 1-5 одд.

Во училиштето се забранува секаков вид на насилство. На часовите на класната заедница се обработуваат теми за ненасилно однесување и мирно разрешување на конфликти.

Училиштето има процедура за обезбедување на материјални средства за учениците, кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како и другите ученици, но во училиштето се организираат хуманитарни акции од страна на вработените и учениците и во соработка со Црвен крст – Велес.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училишните простории и ходниците и  тоалетите е релативно добра.

Во централното и подрачните училишта, се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД). Во учебната 2023/2024 година, дезинфекција, дезинсекција и дератизација е извршена и во ЦУ и во сите ПУ на 07.09.2023 година.

Согласно календарот за здравствена заштита на учениците, се организираат редовни систематски прегледи,последниот систематски преглед е извршен на 19.09.2023  за учениците од 3,5,7 и 9 одделение.

За наставниот кадар, на почетокот на секоја учебна година се вршат санитарни прегледи, за кои прегледи се водат и санитарни книшки.

Се вршат и редовни систематски прегледи (на две години),  за кои прегледи училиштето  добива повратна информација за работната способност на вработените.

Последниот систематски преглед на вработените е извршен на 26.08.2021 година. Во тек е постапка за вршење на нов Систематски преглед на вработените.

Училиштето има договорени процедури за грижа за здравјето на учениците и вработените кои редовно и навремено се спроведуваат во соработка со родителите и здравствените установи.

Во училиштето е идентификувана  една ученичка (за која има обезбедено образовен асистент). со посебни потреби во  9 одд и со емоционални потешкотии. За надминување на состојбата, од страна на училишниотпедагог се организираат индивидуални  средби со тие ученици и нивните родители,се со цел помош,подршка и надминување на истите.

## 4.3 Советодавна помош за понатамошно образование на учениците

Во состав на Годишната програма за работа на училиштето е и Програмата за професионална ориентација на учениците.

Со учениците од 9 одд одделение, организирана е Анкета за избор на Средно училиште за учениците од завршните одделенија со извршена презентација .

Средните училишта, при посета на училиштето, преку презентации, флаери и брошури ги запознаваат учениците со програмите кои се реализираат во средното образование.

Учениците навремено се информирани за објавените конкурси за запишување на ученици во средното образование.

Стручната служба води евиденција каде учениците го продолжуваат средното образование.

### 4.4Следење на напредокот

Наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик во дневникот на паралелката.

Се изготвуваат прегледи и извештаи за постигањата, редовноста и поведението на учениците на крајот на првото полугодие и за крај на учебната година и податоците влегуваат во полугодишниот и годишниот извештај на училиштето.

Наставниците подготвуваат редовни извештаи по квартали врз основа на индивидуалните евиденции за учениците. Континуирано го следат и вреднуваат напредокот на постигањата на учениците, редовноста и поведението на секој ученик.

Во одделенска настава, се водат ученички досиеја со личните трудови и постигнати резултати на учениците, евидентни листови за секој ученик каде се следи неговиот успех и поведение од страна на одделенските раководители.

Со податоците за постигањата и редовноста на учениците родителите редовно се информираат на индивидуални средби и на родителските средби, а писмено преку евидентните листови за секое тримесечје, на полугодие и со свидетелствата на крајот на учебната година.

Училиштето за соработка со родителите е отворено секој работен ден.

## 5.УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1. Училишна клима и односи во училиштето

ООУ„Стојан Бурчевски Буридан – с.Иванковци, Општина Велес, ги опфаќа учениците од четири населени место и нема на запишување на ученици во други училишта или да доаѓаат ученици кои доаѓаат од други училишта. Од оваа учебна 2023/24 година бројот на запишани деца во прво одделение е ист како изминатата учебна година според списокот добиен од Локалната заедница.

Училишната клима и односите помеѓу учесниците во воспитно-образовниот процес во училиштето е добра. Појголем број од наставниците уживаат респект кај учениците и родителите и придонесуваат афирмација на училиштето. Раководниот орган и стручните соработник имаат важна улога во одржувањето на атмосфера во училиштето и остваруваат добра соработка со учениците, наставниците и родителите.

Училиштето има Кодекс на однесување на наставниците и стручните соработници во кој се регулирани правилата на однесување на наставникот на часот, односот на наставникот, стручниот соработник кон ученикот, односот на наставникот, односот на наставникот, стручниот соработник кон родителот како и меѓусебниот однос на наставниците и стручните соработници , архивирано со бр. 03-295/1 од 31.08.2023

година, Кодекс на однесување на учениците со арх.бр. 03-295/1 од 31.08.2023 година Училиштето има пишана процедура во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со кодексот. Кодексите се истакнати на огласна табла која се наоѓа во ходниците училнилиштето. Во училиштето има куќен ред истакнат на со арх.бр.03-267/1 од 29.08.2023 година.

Во случај на кршење на правилата на однесување на учениците во училиштето, на учениците им се изрекуваат педагошки мерки утврдени во Правилникот за изрекување на педагошки мерки за учениците и согласно Законот за основно образование.

Дисциплината на учениците во училиштето е многу добра. Во претходните три учебни години нема изречено педагошка мерка за последните три учебни години и нема намелено поведението кај учениците . Вработените во училиштето се грижат за безбедноста на учениците за време на одморите, приемот и нивното заминување. Дежурствата на наставниците по ходниците за време на одморите се спроведува во целост.

## 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето и наставниот кадар им овозможуваат на учениците да учествуваат на натпревари на општинско, регионално и државно ниво и да ги промовираат постигнатите резултати од нивните учества на натпревари и активности.

Групните и поединечните постигања на учениците се промовираат во рамките на училиштето, на завршната приредба односно Патрониот празник на училиштето, преку Фејсбук страната на училиштето исто како и на веб страната на училиштето www.stojan burcevski.edu.mk, и на огласна табла.

Училиштето прогласува и ученик на генерацијата избран според Правилник за избор на ученик на генерацијата, согласно критериумите утврдени во Правилникот за доделување на награди за ученици. Вообичаено е во последните три учебни години на ученикот избран за првенец на генерацијата да добива награда книга- енциклопедии и диплома.

Лични изработки и творби на учениците се истакнуваат во училниците каде учат учениците и во ходницитена училиштето.

Резултатите од постигањата на учениците се евидентираат во полугодишниот и годишниот извештај.

## 5.3. Еднаквост и правичност

Учениците со детските права се запознаваат уште од најмала возраст преку дел од наставните содржини на часот на одделенската заедница од програмата на „Образование за животни вештини". На првиот одделенски час на почетокот на учебната година, одделенските раководители ги запознаваат со „Конвенцијата на правата на детето".

Во училиштето се води политика на еднаквост помеѓу сите ученици без разлика на пол и социјално потекло. Сите вработени во училиштето правично, со почит се однесуваат кон сите ученици. Во училиштето има деца припадници од друга етничка заедница.

Училиштето ги образува учениците да ја почитуваат сопствената култура, вера и традиција, но и да ги почитуваат и културите, верата и традициите на другите етнички заедници.

## 5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Родителите се вклушени во работата на училиштето преку формалните законски форми, односно преку Советот на родители и Училишниот одбор.

Комуникацијата со родителите најчесто се воспоставува за време на одржување состаноци со Совет на родители, родителски средби, при индивидуални средби, советување на родители.

Од страна на училиштето на родителите им се дава можност да се вклучат во работата на училиштето со организирање на работилници, презентации, прослави, хуманитарни акции, но истите многу малку се влучуваат.

Задолжително се одржуваат по пет родителски средби, три во прво полугодие и две родителски средби во второ полугодие. Училиштето е отворено за соработка со родителите и секој работен ден. Изготвен е распоред за средба на наставниците од одделенска и предметна настава со родителите , определен е отворен ден кој се се организира при уписот на првачињата со цел да се запознаат се запознаат со работењето на училиштето. Секој наставник има определено термин во неделата за средба со родителите.

Родителите се запознаени со Програмата за работа на училиштето, со правата и обврските на учениците на самите родителски средби кои се организираат на почетокот на учебната година и преку информативната брошура за родители.

Училиштето соработува со локалната самоуправа, учествува во одбележувањето на значајни настани, манифестации организирани во рамките на локалната средина и при планирање и реализација на проекти кои се од непосреден интерес за подобрување на работата во училиштето. Училиштето постојано соработува со училиштата од градот преку организирање на заеднички активности како што се меѓуопштински спортски натпревари, културни манифестации, посета на саеми и други актвности.

Училиштето има добра соработка со институциите на локалната заедница. Има добра соработка со Црвениот крст во Велес околу организирање на хуманитарни акции и заедничка поддршка на семејства од социјален ризик, со Центарот за социјални работи-Велеси, со Сектор за внатрешни работи - Велес и со невладини организации.

Училиштето има постојана соработка и со Здравствениот дом – Велес , од чија страна се организираат систематски и стоматолошки прегледи, вакцинација на учениците.

Училиштето има успешна соработка и со градската библиотека „Гоце Делчев“ од Велес.

# 6. РЕСУРСИ

## 6.1 Сместување и просторни капацитети

ООУ„Стојан Бурчевски Буридан“ – с.Иванковци Општина Велес се наоѓа на 20 км северисточно од Велес.

Во својот состав ги опфаќа и учениците од три подрачни училишта во селата; с.Сујаклари, с.Мамутчево и с.Отовица.

Дејноста, Централното училиштето во с.Иванковци се реализира во една училишни зграда и привремен карактер(модуларно училиште), изградено во 2011година. Во Централното училиштето во с.Иванковци се реализира настава од I до IX одделени во две смени. Објектите се со површина од 200 м2.Располага со: 4 училници, 1канцеларија за наставници, 1канцеларија за педагог, 1 просторија за техничкиот персонал и парното грење, Просториите во централното училиште се загреваат со систем за парно греење на тврдо гориво. Училиштето се наоѓа во добра состојба, редовно се поправаат и одржуваат предметите, а за тоа се грижат едно лице задолжено за системот за греење и одржувач - мајстор.

Централното училиштето во с.Иванковци училишниот двор е со површина од 8275м$^2$ . Централното училиштето не располага со Спортската сала и отворени спортски терени и истотого го користи спортскиот терен за повеке спортски игри ( фудбал,ракомет,кошарка и одбојка) кој е изграден од Агенцијата за Млади и Спорт во 2015 година и е наменето за месното население. Во централното училиштето во с.Иванковци часевите по физичко и здраствено образование кога не дозволуваат временските услови се реализираат во ходникот на училиштето кој е многу мал а со тоаа неможност целосно реализација на наставната единица која е планирана за реализација.Во училиштето има пристапна рампа за инвалидизирани лица.Пристапна патека до влезот на училиштето е делумно изградено, истиот е делумно уреден и заграден.

Во подрачното училиште во с.Сујаклари се реализира настава од I до IX одделени во една смени.Училишната зграда во подрачното училиште во с.Сујаклари е изградено во 1954 година и е со површина од 470 м$^2$. Располага со: 5 училници, 1канцеларии за директор,1канцеларии за наставници,1канцеларии за секретар,1 просторија за библиотека, 1 еден санитарен чвор за наставниците и 2 санитарни чворови за учениците во склоп на заградата. Училишната зграда не е реновирана подолг временски период и истата е со дотраена столарија, дотраен кров од салонитни табли и руинирана фасада. Додека санитарни јазли се реновирани 2009година. Просториите во подрачното училиште се загреваат со печки на тврдо гориво.

Подрачното училиште во с.Сујаклари не располага со Спортската сала. Училиштето има преадаптирано една училничка просторија за реализација на часевите по Физичко и

здраствено образование за реализација на наставни единици кога не дозволуваат временските услови се реализираат надворшниот терен и е со површина од 70м2. Кога дозволуваат надворешните временски услови насатвата по Физичко и здраствено образование се реализира на надворешен повеќенаменски спортски земјен терен од 400м$^2$ и истиот не уреден.Училишниот двор е со површина од 4600м$^2$ и истиот не целосно ограден . Во училиштето има пристапна рампа за инвалидизирани лица.Пристапна патека до влезот на училиштето има делумно изградено и истиот е делумно уреден и заграден.Во дворот поставени се реквизити лулашки, вртелешки, урбана опрема(клупи, корпи одпадоци) и др.,

Во подрачното училиште во с.Мамутчево се реализира настава од I до V одделени во 1 комбинирана паралелки во една смена со 2 ученика.Училишната зграда во подрачното училиште во с.Мамутчево е со површина од 206м$^2$. Располага со: 4 училници, 1 канцеларии за наставници 2 санитарни чвори во склоп на заградата, 2 простории кој се поделени со ходник и во нив се влегува од надворешниот дел и една простории во подрумскиот дел како магацин за огревно дрво за училштето.

Училишната зграда е целосно реновирана во 2001 година.Столарија, кровот,фасада, санитарни јазли се во добра состојба. Просториите во подрачното училиште се загреваат со печки на тврдо гориво.

Училиштето во подрачното училиште во с.Мамутчево не располага со Спортската сала но има изградено надворешни мал импровизиран спортски терен од 30 м$^2$ кој е бетониран и на него е поставен еден кош кој не во функција. Во подрачното училиште во с.Мамутчево часевите по физичко и здраствено образование кога не дозволуваат временските услови се реализираат во ходникот на училиштето кој е многу мал а со тоа неможност целосно реализација на наставната единица која е планирана за реализација·Училишниот двор е со површина од 3000м$^2$ и истиот е делумно ограден . Во училиштето нема пристапна рампа за инвалидизирани лица.Пристапна патека до влезот на училиштето нема изграденои истиот е делумно уреден.

Во подрачното училиште во с.Отовица се реализира настава од I до V одделени во 1 комбинирана паралелка во една смена.Училишната зграда во подрачното училиште во с.Отовица е од привремен карактер(модуларно училиште), изградено во 2012година. е со површина од 90м$^2$. Располага со: 2 училници, 1канцеларии за наставници 2 санитарни чворови во склоп на заградата и една простории како магацин со простор за парното греење. Просториите во централното училиште се загреваат со систем за парно греење на тврдо гориво . Училишната зграда е во добра состојба со заменета столарија, кров,фасада, санитарни јазли,

Училиштето во подрачното училиште во с.Отовица не располага со Спортската сала и нема изградено надворешни спортски терени. Во подрачното училиште во с.Отовица часевите по физичко и здраствено образование кога не дозволуваат временските услови се реализираат во ходникот на училиштето кој е многу мал а со тоа неможност целосно реализација на наставната единица која е планирана за реализација. Училишниот двор е со површина од 500м$^2$ и истиот е делумно ограден. Во училиштето нема пристапна рампа за инвалидизирани лица.Пристапна патека до влезот на училиштето има изградено и истиот е делумно уреден.

Севкупниот амбиент во кој се остварува воспитно образовниот процес задоволува.

## 6.2 Наставни средства и материјали

Опременоста на училиштето со нагледни средства и спортски реквизити делумно задоволува. Директорот прави напори за набавка на нагледни средства онаму каде што недостигаат. Училиштето нема план за обезбедување на нагледни средства и тоа го

прави стихијно доколку се јави потреба од нешто и во зависност од расположиливите финансиски сретства со кој располага училиштето. Во последните три учебни години набавката на наставно - нагледни средства за потребите на стручните активи е добра. Бројот на исправни компјутери за учениците е многу мал, додека број на исправни лаптоп комјутерите за наставниците не ги задоволува потребите. Во училиштето се првземаат активности за решавање на проблемот со информатичката технологија во смисол на набавка на лап топ комјутер за наставниците. Интернетот во училниците на централното и подрачните училиштата е со слаб квалитет но е во функција.

Стручните активи ја почитуваат процедурата за планирање на набавка на наставни средства и материјали од своите одржани состаноци и во форма на барање да се достават до раководниот орган.

Потрошен материјал (хартија, креда итн.) училиштето обезбедува од средства за материјални трошоци од локалната самоуправа. Училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал.

Во Централното училиштето во с.Иванковци има библиотека но нема просторни услови за престој на учениците и наставниците. Во подрачните училишта има само библиотека во ПУ во с.Сујаклари и има обезбедно просторни услови за престој на учениците и наставниците, но истите со многу лоши услови.

Училишната библиотека располага со вкупно 2241 наслови и 4986 примероци од различен жанр, лектирни изданија од I до IX одд., слободна литература, домашна литература, светска литература, стручна литература. За обновување и дополнување на книжниот фонд, посебно за лектирни изданија, училиштето континуирано врши набавки во рамките на своите можности.

Во библиотеката, како дополна со работни часови работат двајца наставници во централното и подрачното училиште.Евиденцијата на книжниот фонд се води во хартиена форма.

Библиотечниот фонд се зголемува во границите на можностите, но сепак постои недостаток од стручна литература и енциклопедии. Книгите се уредно подредени, а работното време во библиотеката е од 08:30 до 13:00 часот и е прилагодено на потребите на учениците. Искористеноста на библиотекта од страна на наставниците и учениците, како и нејзината опременост со лектири, стручна литература делумно задоволува.

## 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Училиштето има обезбедено доволен наставен кадар во согласност со Законот за основно образование и нормативот за наставен кадар. Воспитно-образовниот процес го реализираат 25 наставници.Наставата ја реализираат наставници вработени во училиштето 15 на неопределено работно време и 10 наставници на определено работно време, од кој 23 имаат завршен VII/1 степен, 1 наставника завршен VI/1 и 1 со завршени докторски студии, несоодветени наставници во училиштето има двајца. Во училиштето 23 наставници се согласно Нормативот на наставен кадар, за реализирање на наставниоте програми освен двајцата несоодветени наставници.

Во училиштето има еден стручен соработник педагог. Наставниот кадар е квалификуван да ги преземе одговорностите во наставата согласно потребите на учениците и училиштето во целина. Работата на наставниот кадар е потпомогната од стручниот соработник и директорот, како и од административно техничкиот персонал.

Наставниците поседуваат квалификации и искуства стекнати низ процесот на нивно стручно оспособување, но кај значителен дел, недостасуваат вештини за задоволување на различните потреби на учениците. Стручната служба-педагогот на училиштето им

помага на наставниците во организирањето на наставата, следењето на напредокот на учениците, справување со проблемите на индивидуално и групно ниво и давање соодветна помош. Педагогот во својата програма за работа планира и спроведува разни активности за работа со учениците и наставниците и секогаш е отворен за соработка. Секогаш присуствува на состаноците со родителите и на отворен ден за родители на ниво на цело училиште.

Не е констатирана родова или друга дискриминација при изборот на наставниот кадар. Вработените го почитуваат работното време. Редовноста и извршувањето на работните задачи се контролира од страна на раководниот орган.

## 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Следењето на развојните потреби на кадарот делумно задоволува. Вреднувањето на работата на наставниците и идентификувањето на нивните потреби се врши преку посети на часови од страна на директорот и педагогот и од увид во планирањата. Од разговорите со наставниците и посетените часови, евидентна е потребата од континуирано стручно усовршување на наставниците за подобрување на стручните способности. Наставниците добиваат можност да учествуваат на семинари организирани од страна на БРО, Проектот за модернизација на образованието. Педагогот на училиштето ги следи наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за нивно стручно усовршување. Во училиштето се води педагошки картон за секој наставник. Изборот на наставници кои учествуваат на овие семинари е транспарентен и правичен. Училиштето има добар систем за дисеминација на знаењето на кадарот. Училиштето планира активности за професионален развој, но нема развиено механизми за поддршка на професионалниот и кариерниот развој на кадарот. Училиштето има документ – програма за професионален развој наанаставниците и стручните соработници, но нема обезбедено финансиски средства за таа намена.

Училиштето нема внатрешни механизми за оддавање признанија на наставници кои внесуваат ефективни иновации во наставата.

Работата на наставниците-приправници ја следи ментор, кој на приправникот му дава соодветна стручна помош преку остварување на програма.

## 6.5 Финансиско работење во училиштето

Од непосредниот увид во документацијата и разговорите со членовите на Училишниот одбор, членовите на Советот на родители, секретарот и директорот се утврди дека училиштето има финансиски план за обезбедување на потребните средства за непречено финансиско работење, а вработените се запознаени со финансиските активности на училиштето. Училиштето работи со две сметки: буџетската – 903 и сопствена 787 – сметка.

Наставниците со финансискиот план се запознаваат информативно на седниците на Наставничкиот совет.

Училиштето изработува Годишен финансиски план и Годишен финансиски извештај и ги доставува до Советот на општината Велес. Буџетот се користи наменски и за креативни цели кои се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето и развојот на училиштето во целина.

Училишниот одбор расправа за финансиското работење на училиштето кога се разгледува завршна сметка на училиштето.

Училиштето финансиското работење го спроведува во рамките на законот. Постои транспарентност во финансиското работење.

Училишниот одбор како и другите органи се целосно информирани за финансиската работа на училиштето.

Финансискиот план за 2023 година е разгледан и усвоен како предлог од страна на органот на управување,Училишниот одбор но истиот е  усвоен од Советот на општината Велес.

Училиштето добива финансиски средства од буџетот на РМ преку основачот и редовно ги известува за приходите и расходите и наменското трошење на средствата.

За извршување на набавките училиштето има донесено Правилник за јавни набавки, усогласен со Законот за јавни набавки.  Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. За секоја јавна набавка се формира посебна комисија.Во училиштето нема лице со сертификат за јавни набавки кое би требало заедно со комисијата и помош од директорот да ги спроведуваат јавните набавки во училиштето. Финансиското работење во училиштето е добро.

# 7.УПРАВУВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ И КРЕИРАЊЕ ПОЛИТИКА

## 7.1. Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор на ООУ„Стојан Бурчевски Буридан – с.Иванковци, Општина Велес е конституиран согласно законската регулатива и статутот на училиштето. Сите членови на УО се со важечки мандати. Училишниот одбор работи според свој деловник за работа со бр.02-282/5 од 31.8.2023година и сопствена Годишна програма која е во прилог на проширената годишната програма за работа на училиштето. Членовите на училишниот одбор немаат посетувано обука за успешно извршување на улогата на управување.

Состаноците се добро организирани, членовите уредно и навремено се поканувааат и секогаш се обезбедува потребното мнозинство за работа. За одржаните состаноци се водат записници од страна на секретарот на училиштето и истите се усвојуваат на секоја наредна седница. Училишниот одбор врз основна донесени одлуки внесени во записник се донесува акт-одлуки, Училишниот одбор дава мислења,разгледува жалби на наставници други вработениво училиштето, родители ги разгледува финансиски планови и финансовите извештаи,годишната програма и годишните извештаи за работа на училиштето.

Со актите за работа на училишниот одбор е уредена процедура со што, кога и како ги информира за својата работа другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес.

Училишниот одбор работи транспарентно и има воспоставено партнерски однос со раководниот орган и другите структури на училиштето. Соработката на Училишниот одбор со родителите, директорот и локалната самоуправа е добра.

Преку своето работење училишниот одбор се залага за афирмирање на инклузивноста и меѓуетничката интеграција на младите во образованието.

Директорот на училиштето е назначен со Решение 08-1501/7 од 27.07.2021година од страна на Градоначалникот на Општина Велес е избран со прв мандат за директор на училиштето. Работи според сопствена годишна програма за работа која е во прилог на проширената годишна програма за работа на учиштето.

Директорот има јасна визија за тоа што се треба да се превземе и кои се приоритетите за подоврување на квалитетот во севкупното работењето на училиштето, особено во делот на инфраструктурата и снабденоста со нагледни средства. Во своето работење е насочен кон подобрување на постигнувањата на учениците и севкупниот углед на училиштето. Преку ефективно остварување на приоритетите на училиштето препознаени во Програмата за развој на училиштето: настојува во подобрување и осовременување на инфраструктурата во училиштето, снабдување на училиштето со современи технички помагала (паметни ТВ уреди, интерактивни табли, ИКТ опрема).

Раководниот орган објективно ги вреднува квалитетите на вработените и нивниот придонес во работата на училиштето. Ги промовира добрите практики во училиштето и е критичен кон оние кои помалку, или воопшто не придонесуваат за квалитетот на образовниот процес. За време на неговиот мандат нема изречено дисциплински мерка кон двајца вработени во училиштето.

Директорот носи одговорни одлуки и ужива углед кај поголемиот број вработени, ученици и родители. Во своето работење се потпира врз тимската работа преку вклучување на вработените во изработката на: годишните програми за работа на училиштето, самоевалуацијата на училиштето, програмата за развој на училиштето, годишните извештаи и друго.

Директорот има добра соработка со вработените, родителите и учениците и воспоставува и обезбедува соработка на училиштето со поголем број установи во општината и државата, со деловната заедница и невладиниот сектор. Превзема конкретни активности за поддршка на инклузивноста и меѓуетничката интеграција на младите во образованието,

## 7.2. Цели и креирање на училишна политика

Во програма за развој на училиштето е вградена политиката за развој на училиштето и подобрување на квалитетот во неговото работење. Истата е во согласност со целите на државната и локалната образовна политика и се имплементира преку остварување на годишните програми за работа на училиштето. Во програма за развој и во годишната програма за работа за оваа учебна година, зацртани се визијата и мисијата на училиштето, определени се целите и задачите, и истакнати се приоритетите за развој по месеци и години. Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и постигањата на учениците. Последната Програма за развој на училиштето е за период 2021 /2025 година со дел.бр.01-427/1 од 16.11.2021 година.

Училиштето ги информира наставниците и стручните соработници, а преку советот на родители и родителите за: поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати. Во остварувањето на целите родителите и учениците се вклучени само преку нивните претставници во органите и телата на училиштето. Креирањето и ажурирањето на актите се врши во рамките на органите и телата на училиштето.

Училиштето нема пропишани процедури, но има воспоставени практики за донесување на развојните и програмските документи. Поголем број од воспитно-образовниот кадар активно е вклучен во определувањето на приоритетите и креирањето на развојните цели, како и на активностите за нивно остварување. При тоа во определувањето на приоритетите и креирањето на развојните цели на училиштето родителите и учениците се вклучени само преку нивните претставници во органите и телата на училиштето.

Училиштето навремено ги идентификува потребите од стручно усовршување на кадарот. Но нема систем за обезбедување на финансиски средства во согласност со потребите за стручно усовршување на сите вработени. Училиштето има воспоставено систем за десиминација на стекнатото знаење.

Училиштето има програма за професионален развој на наставниците и стручните соработници, која е заведен со дел.02-317/3 од 6.09.2023годинаи е во прилог на годишната програма за работа на училиштето. Остварувањето на програмата зависи од обемот на финансиски средства кои ке се обезбедат за таа намена.

Училиштето ги идентификува потребите од материјално технички средства и во согласност со финансиските можности ги обезбедува. Директорот на училиштето ги познава законските прописи за јавните набавки. Во училиштето нема лице со сертификат за јавни набавки кое би требало заедно со комисијата и помош од директорот да ги спроведуваат јавните набавки во училиштето.

Материјално техничките средства и нагледните средства, со кој располагаат училиштето се користат добро, се води сметка за нивно чување и одржување.

# 8. НАОДИ И ПРЕПОРАКИ

## 8.1 Силни страни

- Училиштето има систем за редовно известување на родителите за напредокот на учениците;
- Добра училишна клима, добри односи на наставниците, родителите и учениците;
- Добро и ефективно распоредување на наставниот кадар и вработените во училиштето
- Добро раководење на училиштето
- Добри процедури за креирање на училишната политика.

## 8.2 Слаби страни

- Училиштето нема регистрирано ученички спортски клуб.
- Училиштето во последните три години нема направена симулативна вежба со учениците за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Нема психолог во училиште, иако ЦОУ е со 3 ПУ училишта, со оддалеченост околу 20 километри од најблиското градско подрачје.
- Делумно уредени и заградени училишните дворови во ЦУ и ПУ$^{та}$.
- Делумно изградени пристапни патеки до влезот на училишните згради ,освен во ПУ во с.Отовица каде е целосно изградена
- Нема обезбедени доволно соодветни услови за реализација на физичко и здравствено образование кога временските услови не дозволуваат истото да се релизира надвор, нема сала во централно училиште ниту во подрачните училишта ,
- Лоша градежна состојба на објектот во ПУ во с.Сујаклари,

## 8.3. Препораки

- Да се превземат активности за формирање ученички спортски клуб.
- Да се реализира и спроведе симулативна вежба со учениците за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Да се превземат мерки и дејствија за обезбедување на согласност и вработување на психолог во училиште.
- Да се уредат и заградат училишните дворови во ЦУ и ПУ$^{та}$.
- Да се изгради пристапни патеки до влезот на училишните згради во училиштата каде што нема изградено
- Да се превземат мерки и дејствија за подобрување на услови за физичко и здравствено образование кога временските услови не дозволуваат истото да се релизира надвор.

- Да се превземат мерки и дејствија за реализација инфраструктурни зафати за надминување на лошата градежна состојба на објектот во ПУ во с.Сујаклари со реконструкција или градба на нов објект.

| | |
|---|---|
| **Гордан Стојчевски**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Радица Лазова** , Инспектор | |
| **Дејан Донев,** Инспектор | |